РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17-198/2
27.12.2016 год.
СКОПЈЕ

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 29.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 872/5 | | |


Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 15. седница одржана на 23.12.2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Родови студии" втор циклус едногодишни студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Родови студии" втор циклус едногодишни студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по родови студии**, Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Родови студии.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Филозофски факултет во Скопје, втор циклус едногодишна студиска програма „Родови студии", на 07.06.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото

образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 15. седница одржана на 23.12.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков